Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
DREJTORIA PËR SIGURI TË INFORMATAVE TË KLASIFIKUARA
Бр.-Nr. 01-1611
10.01 2025 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 69 став 3 од Законот за класифицирани информации(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19), директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, донесе

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА 2025 ГОДИНА

## ВОВЕД

Во својство на национален безбедносен авторитет, односно надлежен орган за спроведување на националната безбедносна политика на Република Северна Македонија за спречување компромитирање на информациите коишто согласно со закон мора да се заштитат од неовластен пристап и како такви се обележани со соодветен степен на безбедносна класификација, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (во натамошниот текст: Дирекцијата) презема комплексен сет на мерки и активности за административна, за физичка, за информатичка и за индустриска безбедност, како и за безбедност на лицата корисници на класифицирани информации. Придонесувајќи со своето функционирање кон зајакнување на постојниот систем за заштита на информациите од интерес за државата, Дирекцијата придонесува кон воспоставување цврста национална основа за кредибилна соработка со меѓународните организации и странски држави во однос на прашања од чувствителен карактер поврзани со безбедноста.

Воспоставената законска и институционална рамка за заштита на класифицираните информации во Република Северна Македонија е во согласност со стандардите на НАТО и на ЕУ и како таква претставува еден од клучните предуслови чиешто исполнување води кон успешно спроведување на евроинтеграциските процеси на земјата.

Покрај Дирекцијата, за спроведување на националната безбедносна политика и на политиките на НАТО и на ЕУ, органите на државната управа, институциите и другите правни лица се должни да создадат услови неопходни за заштита на класифицирани информации и да преземат мерки за елиминирање на негативните последици во случај на откривање на класифицираните информации. На тој начин е создадена мрежа на подрегистри и на офицери за безбедност на класифицираните информации, односно систем којшто ја обезбедува заштита на протокот на класифицираните информации. Дирекцијата се грижи за негово соодветно функционирање преку механизмот на инспекциски надзор и контрола којшто придонесува кон изградбата на ефикасен и одржлив систем за заштита на класифицираните информации, за негово постојано унапредување, како и за воспоставување високо ниво на безбедносна култура и на капацитети за заштита на

класифицирани информации кај субјектите коишто се предмет на инспекциски надзор.

## БЕЗБЕДНОСНА ОРГАНИЗАЦИЈА, ЛЕГИСЛАТИВА И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

### *Безбедносна организација*

Согласно законски утврдените надлежности во доменот на заштитата на класифицираните информации што се разменети со странски држави и меѓународни организации, во 2025 година Дирекцијата со несмален интензитет ќе продолжи да работи на обезбедување на безбедносните стандарди за ракување со класифицирани информации во државните органи, институции и субјекти коишто се составен дел од воспоставениот регистарски систем за заштита на класифицирани информации. По утврдена потреба и пристигнати барања од субјекти-корисници на странски класифицирани информации за отворање нови подрегистри или контролни точки за класифицирани информации, Дирекцијата ќе презема активности за утврдување на степенот на исполнување на условите за воспоставување подрегистри и контролни точки.

Извршувајќи ја својата функција на национален безбедносен авторитет за координација на активностите во обезбедувањето заштита на класифицираните информации во субјектите-корисници на класифицирани информации, а во насока на зајакнување за севкупниот систем на заштита на класифицираните информации во земјата, во текот на 2025 година Дирекцијата ќе продолжи да одржува блиска професионална врска со офицерите за безбедност на класифицирани информации во таквите субјекти. Во тој контекст, Дирекцијата ќе продолжи да биде вклучена во нивното обучување и притоа фокусот ќе биде на соодветната примена на донесените подзаконски акти и следење на тековните меѓународни безбедносни политики, како и на определување соодветен степен на класификација на информациите со цел пропорционално вложување во човечки и материјални ресурси и обезбедување транспарентност во институционалното работење.

Во однос на обуката и едукацијата на вработените, и во 2025 година Дирекцијата ќе аплицира со проекти за искористување на претпристапните инструменти на ЕУ наменети за таква цел. Во насока на развивање на институционалните капацитети (човечки, материјални, технички), Дирекцијата ќе вложи напори за пополнување на испразнетите работни места од функционална важност за спроведување на законските надлежности и ќе продолжи да соработува со земјите партнери, но и со други субјекти од државниот, приватниот, невладиниот сектор и со академските установи и претставништва на меѓународни организации во земјата во насока на спроведување проектни задачи и други облици на соработка.

***Легислатива***

Во првата половина на 2025 година ќе бидат финализирани активностите за донесување на уредбите со коишто ќе бидат уредени прашања од доменот на информатичката и на индустриската безбедност и ќе продолжат напорите за изнаоѓање соодветно законско решение за унапредување на статусот на вработените на Дирекцијата.

Зависно од воспоставената динамика на меѓуинституционалната Работна група за криптозаштита со којашто раководи Министерството за одбрана и којашто има за цел да ја изработи уредбата со којашто ќе се уреди системот за криптозаштита во Република Северна Македонија, во текот на 2025 година Дирекцијата ќе продолжи активно да соработува со носителите на криптозаштитата во земјата. Подеднакво важен ќе биде придонесот на Дирекцијата и во рамките на меѓуинституционалните работни групи за изработка на стратегиски и други акти врзани за заштитата на критичната инфраструктура.

Во 2025 година ќе продолжат и активностите за измена на постојните и за донесување нови интерни акти со коишто ќе се регулираат прашања од доменот на функционирање на Дирекцијата, вклучувајќи ги и актите за внатрешна организација и систематизација на работните места во Дирекцијата.

Врзано за обврските за континуирано спроведување на НАТО и ЕУ безбедносните политики, во текот на 2025 година Дирекцијата ќе продолжи да ги следи процесите на евроатланските структури за донесување нова и воведување измени во постојната легислатива за безбедносни прашања, доследно да ги применува истите и да презема чекори во насока на целосна заштита на НАТО и ЕУ класифицираните информации што се отстапени на користење на Република Северна Македонија.

***Човечки ресурси***

Во доменот на управувањето и развојот на човечките ресурси и во 2025 година, во континуитет ќе продолжат да се исполнуваат обврските што произлегуваат од Законот за вработени во јавниот сектор, Законот за административните службеници, Општиот колективен договор за јавниот сектор и Законот за работни односи, со кои се регулираат правата, обврските и одговорностите на административните службеници, а со тоа и на вработените во Дирекцијата и редовно се следат и применуваат и подзаконските акти, колективните договори и други прописи кои се однесуваа на статусот, правата, должностите и одговорностите на административните службеници од областа на работните односи.

На почетокот на 2025 година ќе бидат изработени полугодишните извештаи за реализација на Годишниот план за вработување за 2024 година и реализацијата на годишната програма за генерички обуки за периодот јули – декември, како и

извештајот за изречени дисциплински мерки за утврдена дисциплинска и/или материјална одговорност за 2024 година.

Согласно Годишниот план за вработување за 2025 година предвидени се 5 унапредувања, со оглед на фактот дека во 2024 година Годишниот план за вработување за 2024 година не беше одобрен од Министерство за финансии и истите места треба да се пополнат за подобро функционирање и зајакнување на институционалните капацитети на Дирекцијата.

Во законски утврдените рокови и согласно утврдените потреби на Дирекцијата, во текот на годината ќе биде изработен Годишниот план за вработување односно унапредување на административните службеници во Дирекцијата, и Годишниот план за обуки на административните службеници.

Врзано за обуките на корисниците на класифицирани информации, што на барање ги вршат вработените од Дирекцијата, во Одделението за управување и развој на човечките ресурси ќе бидат преземени активности во функција на координација и спроведување на обуките со барателите на обука. Во однос на обуките што во текот на годината ќе ги посетуваат вработените од Дирекцијата, Одделението ќе врши номинација на вработените на обуки, ќе води евиденција за посетеноста и ќе го следи ефектот од посетените обуки.

Согласно законската обврска и утврдените рокови, како во претходната така и во 2025 година ќе се спроведуваат активностите врзани за оценувањето на ефектот на административните службеници, за да на крајот на месец мај се реализира и полугодишното интервју, а до средината на месец декември се заврши со постапката за оценување.

Во текот на целата година, во континуитет ќе се изработуваат решенија, одлуки, потврди, овластувања, задолженија и други документи за потребите на вработените во Дирекцијата.

Како редовна тековна активност во 2025 година ќе биде соработката со Фондот за здравствено осигурување (ФЗО), со Фондот за пензиско и инвалидско осигурување (ПИОМ) и со Агенцијата за вработување (АВРСМ).

Ќе продолжи да се води евиденција и редовно ќе се известува за правичната застапеност на припадниците на заедниците во Република Северна Македонија за потребите на Народниот правобранител и на другите државни органи.

Во 2025 година ќе продолжи периодичното доставување податоци и информации до Државниот завод за статистика, на нивно барање и за нивни потреби.

Исто така, ќе продолжат и активностите поврзани со упатување на вработени од Дирекцијата во Делегацијата на Република Северна Македонија при НАТО и во Мисијата при ЕУ во Брисел.

Во текот на годината ќе се продолжи со ажурирањето на податоците на електронската платформа во системот на HRMIS.

Согласно востановената пракса, вработените во Дирекцијата навремено ќе бидат запознавани со новините, односно измените и дополнувањата на Законот за административни службеници и подзаконските акти што евентуално би произлегле од нив.

## АДМИНИСТРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Во 2025 година, активностите во доменот на административната безбедност на класифицирани информации ќе продолжат да се реализраат согласно зацртаните цели за: законито ракување, чување, дисеминација на класифицирани и некласифицирани странски и национални информации до крајните корисници, како и архивирање и уништување на непотребните и сите други за кои се оценило дека нема повеќе потреба од нивно чување.

Во рамките на редовните годишни активности врзани за странските класифицирани информации што се отстапени на користење на Република Северна Македонија, во Регистарот за класифицирани информации во Дирекцијата ќе се изврши преглед и одбир на архивската граѓа и на документарниот материјал за 2020 година. Се предвидува изработка на соодветни пописни листи и потврди за уништување на одбраниот документарен материјал како и уништување на истиот согласно прописите за уништување на класифициран и некласифициран материјал.

Во текот на годината Дирекцијата ќе продолжи да постапува по барања од разни субјекти за мислења за закони, правилници, упатства, интерни акти и други акти во врска со административната безбедност на класифицираните информации.

## ФИЗИЧКА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Во делот на физичката безбедност на класифицираните информации во 2024 година ќе продолжат активностите за одржување на воспоставените стандарди за физичка безбедност во Дирекцијата и за нивна соодветна надградба согласно на обврските коишто произлегуваат членството на Република Северна Македонија во НАТО алијансата. Во тој контекст, редовно ќе се следат промените во регулативата на НАТО којашто се однесува на физичката безбедност на класифицираните информации и ќе бидат преземени чекори за нивна соодветна имплементација во Дирекцијата преку промени и ажурирање на националните прописи.

Воедно, ќе продолжат активностите и за одржување и унапредување на безбедносните стандарди во другите органи и институции, како и во приватните компании каде што се ракува со класифицирани информации.

Следствено на тоа, ќе бидат реализирани активности за детално запознавање на корисниците на класифицирани информации (државните органи и други правни лица) со важечките мерки и активности за физичка заштита на класифицираните информации, како и за неопходноста од одржување и унапредување на постојните безбедносни стандарди и правилната проценка за нивна примена.

Позитивните искуства од земјите членки на НАТО и на Европската унија ќе се рефлектираат во измените на подзаконските и интерните акти кои се планираат да бидат донесени во текот на 2025 година во насока на подобрување на националната регулатива во делот на физичката безбедност. Во првата половина од 2025 година ќе бидат финализирани активностите од доменот на надлежност на Дирекцијата за донесување нова Уредба за физичка безбедност на класифицирани информации како и Упатството за процесот на менаџирање на ризикот за физичка безбедност.

Во рамките на Дирекцијата, во текот низ целата година ќе се врши редовна контрола на електронските уреди и безбедносната опрема наменети за физичко обезбедување во објектите на Дирекцијата и ќе се спроведуваат пропишаните процедури за контрола на влез и излез на лица и возила во Дирекцијата.

И во 2025 година активностите од доменот на физичка безбедност ќе претставуваат значаен сегмент од инспекцискиот надзор на Дирекцијата и од постапките за безбедносна акредитација на комуникациско-информациските системи (КИС) кај корисниците на класифицирани информации. А во рамките на законската надлежност на Дирекцијата за обучување на корисниците на класифицирани информации, во текот на годината ќе продолжи и давањето стручна помош и обука во спроведувањето на законската регулатива од доменот на физичка безбедност на класифицирани информации.

## БЕЗБЕДНОСТ НА ЛИЦА КОРИСНИЦИ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Во делот на безбедноста на лица-корисници на класифицирани информации во текот на 2025 година во Дирекцијата редовно ќе се врши прием и обработка на барањата за вршење на оперативни безбедносни проверки, издавање безбедносни сертификати за физички лица и дозволи за пристап до класифицирани информации. Исто така, ќе се одржува комуникација и ќе се врши координација на работата со офицерите за безбедност на класифицирани информации од државните органи и други правни лица. Воедно, во текот на целата година ќе се преземаат активности за редовно брифирање и ребрифирање на лицата кои добиваат, односно поседуваат безбедносен сертификат.

Во текот на првата половина од 2025 година, во делот на регулативата за безбедност на лица корисници на класифицирани информации, акцент ќе биде ставен на финализирање на активностите од доменот на надлежност на Дирекцијата за изработка на нови безбедносни прашалници и правилници.

Согласно законските надлежности на Дирекцијата и на офицерите за безбедност на класифицирани информации, во текот на 2025 година ќе се реализира специјализирана обука за офицерите за безбедност од државните органи и други правни лица во насока на соодветно спроведување на одредбите од Законот за класифицирани информации и другите подзаконски акти со коишто се регулираат одделни сегменти од безбедноста на класифицираните информации.

Во периодот ноември-декември 2025 година по посебен план ќе се изврши ребрифирање на офицерите за безбедност за класифицирани информации од од државните органи и други правни лица во Република Северна Македонија, како и годишно ребрифирање на вработените во Дирекцијата.

Во текот на 2025 година ќе се имплементираат безбедносните политики за безбедност на класифицирани информации и спроведување на процедури за издавање на безбедносни сертификати, исто така ќе се организираат разни формати на соработка со безбедносните служби како што се советодавни состаноци, работилници, семинари, работни групи од областа на персоналната безбедност.

Во текот на 2025 година во континуитет ќе се одвиваат безбедносните подготовки на лицата кои заминуваат на работа во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во странски земји.

## ИНДУСТРИСКА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Искуствата од претходната година и зголемениот интерес за индустриската безбедност на класифицирани информации укажуваат на потребата за интензивирање на активностите во овој домен во 2025 година. Тоа подразбира вклучување на Дирекцијата при подготовката на постапката за објавување класифицирани тендери на државните органи и на јавните претпријатија и во процедурите предвидени во тендерските услови, како и во изработката или давање мислења за безбедносните аранжмани при склучување класифицирани договори.

Еден од приоритетите во доменот на индустриската безбедност на класифицираните информации во 2025 година ќе биде контролата на условите за чување и работа со класифицирани информации и издавање безбедносни сертификати за правни лица за учество на класифицирани тендери и класифицирани национални и меѓународни договори. Од тие причини се планираат

редовни и вонредни инспекциски надзори во приватните компании за обезбедување на неопходните стандарди за ракување со класифицирани информации.

Приоритет во доменот на индустриската безбедност на класифицираните информации во 2025 година ќе биде обуката на офицерите за безбедност на класифицирани информации од државните органи и други правни лица во Република Северна Македонија во доменот на индустриската безбедност.

Заради членството на Република Северна Македонија во НАТО се очекува зголемување на можностите за учество на домашните компании на класифицираните тендери на НАТО. Согласно тоа акцентот во работата на Дирекцијата во овој домен на безбедноста на класифицираните информации во 2025 година ќе биде ставен на обезбедувањето услови за можно учество на македонски фирми на класифицирани тендери објавени од страна на НАТО и на ЕУ. Како резултат на тоа, ќе зајакне улогата на националното тело за НАТО и за ЕУ класифицирани тендери/договори (NDnA).

Во 2025 година ќе се финализираат активностите од доменот на надлежност на Дирекцијата за донесување нова Уредба за индустриска безбедност на класифицирани информации. Исто така, се предвидува и усвојување на безбедносен прашалник и за правни лица. Истиот ќе помогне во спроведувањето на безбедносните проверки за правните лица во процесот на издавање на безбедносни сертификати за правни лица.во процесот на издавање на безбедносни сертификати за правни лица.

## ИНФОРМАТИЧКА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Напредокот во доменот на информатичките технологии ја налага потребата за интензивирање на активностите во доменот на информатичката безбедност на класифицираните информации во текот на 2025 година. Во делот на легислативата, ќе се финализираат активностите од доменот на надлежност на Дирекцијата за донесување нова Уредба за безбедност на комуникациско-информациски системи (КИС) којашто ќе биде во согласност со сродните документи на НАТО и на ЕУ.

Во 2025 година во Дирекцијата ќе продолжат активностите за целосно исполнување и подигнување на стандардите за информатичката безбедност во согласност со измените на безбедносните политики и директивите за информатичка безбедност на НАТО и на ЕУ. Во тие рамки, а во согласност и со националната регулатива, и понатаму во континуитет ќе се врши редовна проверка, одржување, ажурирање и надградба на КИС во Дирекцијата.

Дирекцијата, како авторитет задолжен за спроведување на безбедносните политики на НАТО/ЕУ и во текот на 2025 година, согласно регулативите на НАТО и на ЕУ, ќе продолжи да ја исполнува обврската за одржување на постојните системи во мрежата за размена на странски класифицирани информации во Дирекцијата и во

регистрите за странски класифицирани информации во останатите државни органи и правни лица.

Во улога на национално тело за безбедност на комуникациите (NCSA), Дирекцијата ќе продолжи да врши надзор врз безбедноста на комуникациите на системите на поединечни државни органи за размена на класифицирани информации со странски субјекти и спроведување на договорените процедури.

Во 2025 година ќе бидат интензивирани активностите за безбедносна акредитација на КИС во државните органи низ кои ќе се обработуваат и пренесуваат НАТО класифицирани информации во електронска форма како дел од проектот за формирање на национална одбранбена мрежа со цел исполнување на предвидените безбедносни стандарди и услови на НАТО и меѓуповрзување со системите на НАТО.

Во однос на ТЕМПЕСТ сегментот (заштита од електромагнетско зрачење), во 2025 година, по пројавена потреба од корисниците на класифицирани информации за зонирање на објекти во коишто се обработуваат класифицирани информации во КИС, Дирекцијата ќе остварува комуникација за вршење услуга и ќе врши координација на работите со националните безбедносни авторитети на државите со коишто Република Северна Македонија има важечки билатерален договор за заштита на класифицирани информации. Во меѓувреме, во соработка со други органи и агенции од безбедносниот сектор, ќе се работи на изнаоѓање соодветно решение за изградба на национални ресурси за ТЕМПЕСТ.

Прашањата врзани за сајбер безбедноста на класифицираните информации, вклучувајќи ги и заштита на националните мрежи за класифицирани информации од сајбер напади и подигнувањето на нивото на свеста во оваа област, ќе бидат едни од клучните стратешки цели на Дирекцијата и во 2025 година. Како еден од органите којшто е вклучен во реализацијата на Акцискиот план за имплементација на Националната стратегија за сајбер безбедност, Дирекцијата континуирано ќе соработува со останатите чинители во државата за развој на национални политики, процедури и инструкции во доменот на сајбер одбраната.

## ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Во 2025 година вршењето на инспекцискиот надзор на безбедноста на класифицирани информации ќе се спроведува врз основа на Законот за класифицирани информации(*) и прописите донесени врз основа на овој закон преку инспекторите за безбедност на класифицирани информации. За прашањата што не се уредени со овој закон ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекциски надзор и Законот за општата управна постапка. Ако при вршење на надзор се утврди повреда на закон и други прописи која претставува прекршок, ќе се поднесува барање

за поведување на прекршочна постапка согласно со одредбите од овој закон и Законот за прекршоците.

Во органите на државната и локалната власт основани согласно со Уставот на Република Северна Македонија и со закон, во правните лица основани од Републиката или од општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, како и во други правни и физички лица коишто се корисници на класифицирани информации, инспекцискиот надзор ќе го спроведуваат овластени инспектори за безбедност на класифицирани информации за вршење на инспекциски надзор на безбедноста на класифицирани информации. Опсегот на работата на инспекторите за безбедност на класифицирани информации во 2025 година ќе биде вршењето на надзор во врска со исполнетоста на условите за безбедност на класифицираните информации и спроведувањето на мерките и активностите за заштита на националните класифицирани информации и на странските класифицирани информации отстапени на користење на Република Северна Македонија. Обезбедување на законито користење на класифицираните информации и оневозможување на секаков вид незаконски пристап, надзор врз утврдените безбедносни стандарди и критериуми за заштита на националните и странските класифицирани информации кај субјектите кои се предмет на инспекциски надзор, како и изрекување инспекциски мерки и санкции за отстранување на утврдените неправилности и непочитување на законските прописи во заштитата на класифицираните информации.

Во 2025 година ќе се спроведуваат активностите (надзорите) што се предвидени во годишниот план, одобрен од страна на директорот на Дирекцијата, и следствено на него, месечните планови. Во земјата и странство ќе се спроведуваат редовни и контролни инспекциски надзори, во субјектите коишто се корисници на класифицирани информации согласно Законот за класифицирани информации(*) и прописите донесени врз основа на овој закон, како и вонредни инспекциски надзори по поднесена иницијатива за неправилности во работата со класифицирани информации.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Соработката со националните безбедносни авторитети на странски земји и со други организации и сродни служби ќе се одржува и понатаму унапредува и во 2025 година. Дополнително, ќе продолжат и активностите за склучување билатерални договори за размена и заемна заштита на класифицирани информации на ниво на Влада, преку организирање и предводење на преговорите за склучување билатерални договори од доменот на заштитата на класифицираните информации.

Во текот на годината, акцент ќе биде ставен на довршување на започнатите активности врзани со иницијативите за влегување во договорна соработка со

Португалија, со Молдавија, со Летонија, со Израел и со Холандија, како и продолжување на активностите во таа насока со Норвешка и иницирање на процедурата за склучување билатерален договор со Косово. Активностите за започнување билатерални преговори за склучување договори на владино ниво во доменот на размената и заемната заштита на класифицирани информации во текот на годината ќе бидат приоритетизирани согласно стратешките определби на земјата како и согласно стратешкиот план на Дирекцијата во тој домен.

Во рамките на регионалните иницијативи за соработка, во 2025 година Дирекцијата ќе продолжи да го дава својот активен придонес во иницијативите за соработка на националните безбедносни авторитети на земјите од регионот. Тоа подразбира учество на годишните средби на раководителите на националните безбедносни авторитети и на работилниците и работните состаноци на експертите за безбедност на класифицирани информации во Форумот за соработка на националните безбедносни авторитети од Југоисточна Европа (SEENSA). Исто така, Дирекцијата ќе земе учество и во активности коишто ќе се организираат во рамките на Иницијативата за соработка на националните безбедносни авторитети на шест држави од поранешна Југославија - 6S.

Врзано за евроинтеграциските процеси на Република Северна Македонија во коишто Дирекцијата е активен носител на активностите во доменот на безбедносните прашања, во текот на 2025 година Дирекцијата ќе продолжи активно да учествува во меѓуинституционалните активности за изработка на стратешките документи врзани за подготовките на земјата за членство во ЕУ. Воедно, ќе продолжи да ја следи и усвојува соодветната регулатива и ќе ја развива соработката со надлежните служби на НАТО и на ЕУ коишто ја следат имплементацијата на безбедносната политика во доменот на заштитата на класифицираните информации во Република Северна Македонија.

Соработката со НАТО пред сè ќе вклучи активности што произлегуваат од членството на Република Северна Македонија во Алијансата. Таквата соработка вклучува активности поврзани со континуирано унапредување на функционалните области за заштита на класифицирани информации согласно регулативата на НАТО и учество на состаноците на Комитетот за безбедност на НАТО. Во рамките на активностите за унапредување на соработката со ЕУ, ќе продолжи учеството на Дирекцијата во работната група за изработка на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) и ќе дава придонес сразмерно динамиката на отворање на пристапните преговори со ЕУ, особено во Поглавјето 31, што вклучува помеѓу другото и хармонизирање со безбедносната политика на ЕУ.

Во насока на повторно заживување на соработката со Европската комисија (ЕК), во контекст на користењето на инструментот TAIEX, во 2025 година се планира изработка на нови апликации за активности во рамките на овој инструмент од доменот на безбедноста на класифицираните информации.

Во поширок меѓународен контекст, во 2025 година Дирекцијата ќе учествува во активностите предвидени во рамките на Мултинационалната работна група за индустриска безбедност (MISWG) и во поврзаните работни групи (AHWG 9 – Транспорт на класифицирани информации/материјали и AHWG 10 – FOCI, Странска сопственост, контрола и влијание) со цел следење на тековните трендови во доменот на индустриската безбедност.

Во 2025 година ќе продолжи и соработката со Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор (DCAF) во доменот на безбедноста преку зајакнување на капацитетите на Дирекцијата согласно програмската рамка на DCAF за реформи во разузнавачкиот сектор на Република Северна Македонија (2021 - 2026). Во поглед на таквата успешна соработка, се предвидува изработка на упатство за одредување соодветен степен на класификација на информациите, како и учество на претставници од Дирекцијата во меѓуинституционалните проекти во организација на DCAF.

Во текот на 2025 година во континуитет ќе се одржуваат воспоставените контакти со националните безбедносни авторитети на земјите од Европа и пошироко, а ќе се направат напори и за покренување иницијативи за воспоставување нови контакти со сродни служби од други земји за коишто ќе биде пројавен интерес за поблиска заемна соработка во полето на заштитата на класифицирани информации.

## УЧЕСТВО ВО РАБОТАТА НА МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНИ ТЕЛА И ДРУГИ ИНИЦИЈАТИВИ

Во 2025 година, Дирекцијата ќе продолжи да се фокусира на активното учество во националните меѓуинституционални проекти и иницијативи насочени кон изработка на нова и кон усогласување на постојната законската регулатива за заштита на класифицираните информации, како и во работата на експертските работни групи за изработка на документи од стратегиско значење за евроинтеграцијата на Република Северна Македонија.

Тоа подразбира дека во текот на годината Дирекцијата ќе продолжи со своето активно учество во националните меѓуресорски проекти на експертско ниво и работни координативни групи за унапредување и усогласување на легислативата заради јакнење на институционалните капацитети и подигање на безбедносната свест кај корисниците на класифицирани информации. Еден од поважните ангажмани на претставниците на Дирекцијата во 2025 година ќе продолжи да биде учеството во меѓуресорските работни групи предводени од Министерството за одбрана за изработка на нова Уредба за криптозаштита и на нов Закон за критична инфраструктура, како и во меѓуинституционалните работни групи за изработка на стратегиски и други акти врзани за заштитата на критичната инфраструктура.

Во однос на евроинтеграциските процеси на земјата, во текот на годината Дирекцијата ќе продолжи активно да учествува во Работната група за заедничка, безбедносна и одбранбена политика (РГ-НБОП) за изработка на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА). Во контекст на членството во НАТО, Дирекцијата ќе продолжи со својот ангажман во Советот за координација на активностите поврзани со членството на земјата во НАТО и придружниот Работен комитет.

## ОБУКА И СОВЕТОДАВНА ПОМОШ НА КОРИСНИЦИТЕ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Во 2025 година, сите активности врзани за организирањето и посетувањето на обуки, советувања и слични настани ќе бидат предусловени од расположивите финансиски средства за таа намена.

Како резултат на успешната соработка со Владината канцеларија за заштита на класифицирани информации на Република Словенија во однос на реализацијата на заедничкиот проект во 2024 година за размена на искуства во специфични домени од заштитата на класифицираните информации, преку програмата за билатерална техничка помош на словенечкото Министерство за надворешни работи, во текот на 2025 година е предвидено продолжување на проектот.

Согласно постојните состојби и расположивите ресурси, ќе продолжи „online" и физичкото учество на работилници, на семинари и на конференции организирани од страна на државни органи и институции од земјата, од НАТО и ЕУ или од нивните земји членки, како и од националните безбедносни авторитети на други земји со коишто Дирекцијата остварува билатерална соработка. Вработените во Дирекцијата ќе продолжат да учествуваат и на стручни советувања и обуки што ќе бидат организирани од страна на приватни правни лица чијашто функција е организирање такви настани со специфична тема и содржина.

Воедно, согласно програмата на Министерството за информатичко општество и администрација, вработените во Дирекцијата активно ќе ги следат и ќе учествуваат во обуките за административни службеници.

Во текот на годината, на барање на корисниците на класифицирани информации или по укажана потреба, Дирекцијата ќе продолжи да организира и да спроведува обуки за корисниците на класифицирани информации во земјата, а ќе продолжат и редовните обуки за подготовка на лицата коишто заминуваат на служба во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во странство.

Во 2025 година ќе продолжат напорите за користење на TAIEX инструментот на ЕК, за реализација на активности што ќе водат кон унапредување на капацитетите на Дирекцијата за успешно функционирање и остварување на зацртаните цели.

## ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Финансиското работење на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во 2025 година ќе се извршува во согласност со одредбите на Законот за извршување на Буџетот и утврдените средства во Буџетот. Вкупниот буџет на Дирекцијата ќе биде реализиран преку буџетските програми за 2025 година, и тоа: Програмата 10 - Администрација и Програмата 20 - Спогодба за размена на класифицирани информации РСМ - ЕУ.

И во текот на 2025 година една од целите на финансиското работење во Дирекцијата ќе биде утврдените средства во Буџетот да се користат наменски, рационално, економично и ефикасно согласно дефинираните потреби со расположивите финансиски ресурси и вклопување во рамките на фискалните можности и ограничувања. Во таа насока, во текот на годината навремено ќе се доставуваат предлог - финансиските планови за користење на средствата за даден квартал, по месеци, сметки, програми, потпрограми и ставки, обрасците за финансиско известување во однос на реализираните и планираните средства за бруто плати и средства за ангажирање лица, како и прегледот на вработени по националност во Дирекцијата.

Во 2025 година Дирекцијата ќе се грижи за успешно спроведување на финансиската политика за нејзино функционирање согласно важечката национална регулатива. Притоа редовно ќе се изработуваат документи и материјали што се однесуваат на финансиските прашања и континуаирано ќе се следат прописите сврзани со финансиските прашања. Планот и динамиката на финансиското работење ќе се водат и реализираат според принципите, нормите и постапките кои важат во системот на планирање, програмирање, буџетирање и извршување и со нив ќе се обезбеди интегралност на сите елементи и функции во рамките на исполнување на стратешкиот план на Дирекцијата.

Составен дел на Годишниот план за 2025 година е и Табеларниот преглед на активности на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во 2025 година.

Овој годишен план влегува во сила со денот на објавувањето на веб страницата на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

**в.д. Директор**
**Стојан Славески**

# ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ
# НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
# ВО 2025 ГОДИНА

## I. БЕЗБЕДНОСНА ОРГАНИЗАЦИЈА, ЛЕГИСЛАТИВА И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

**Цел 1: Унапредување на организацијата на работата во Дирекцијата преку воспоставување на потребната безбедносна структура за совладување на приливот на странски класифицирани информации и кадровско зајакнување.**

**АКТИВНОСТИ:**

**Активност 1:** Јакнеење на улогата на офицерите за безбедност на класифицирани информации и одржување високо ниво на функционирање на регистарскиот систем за заштита на класифицирани информации

| **Временска рамка:** | **Главен носител/и:** | **Соработува:** |
|---|---|---|
| јануари – декември 2025 година | Сектор Б | Сектор А и В |

**Забелешка:** Согласно потребите, органите на државна управа и други правни лица ќе определуваат офицери за безбедност, а Дирекцијата активно ќе биде вклучена во активностите за нивно обучување. Воедно, органите по потреба ќе формираат подрегистри за класифицирани информации за чиешто одобрување за исполнување на потребните услови со Законот за класифицирани информации е задолжена Дирекцијата.

**Активност 2:** Давање стручна помош на барање на корисниците на класифицирани информации

| **Временска рамка:** | **Главен носител/и:** | **Соработува:** |
|---|---|---|
| јануари – декември 2025 година | Сектори А, Б и В | Со институции за кои Дирекцијата утврдила дека имаат потреба од стручна помош во областа на заштита на КИ како и со институции кои пројавиле интерес за добивање таква помош. |

**Забелешка:** Стручната помош опфаќа давање мислења за закони, билатерални договори и меморандуми за соработка, правилници, упатства, интерни акти и други акти доставени од државните органи и институции, консултации и слично.

| | | |
|---|---|---|
| **Цел 2: Донесување нови акти и изменување на постојната легислатива заради усогласување со релевантните закони што уредуваат прашања од доменот на организацијата и функционирањето на органите на државната управа и прашања што спаѓаат во доменот на законските надлежности на Дирекцијата** | | |
| **АКТИВНОСТИ:** | | |
| **Активност 1:** Донесување на подзаконските акти што произлегуваат од Законот за класифицирани информации | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – јуни 2025 година | **Главен носител/и:**<br>Сектори А, Б и В | **Соработува:**<br>МО, СЗ |
| **Забелешка:** Фокусот ќе биде ставен на Уредбата за индустриска безбедност на класифицирани инфирмации, на Уредбата за безбедност на КИС и на Упатството за опрема што ги исполнува стандардите за заштита на класифицирани информации за соодветен степен на класификација. | | |
| **Активност 2:** Соработка со носителите на криптозаштитата во Република Северна Македонија преку учество во меѓуинституционалната работна група за донесување нова Уредба за криптозаштита | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2025 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор В | **Соработува:**<br>Сектор А/I |
| **Забелешка:**<br>Изработката на предлог-текстот на Уредбата за криптозаштита е во рацете на меѓуинституционална работна група којашто ја формира и координира Министерството за одбрана. | | |
